**20261522208**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА И ТРУД

Врз основа на член 21 став (3) од Законот за работно ангажирање на лица („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/25), министерот за економија и труд донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА ЕВИДЕНЦИЈА НА РАБОТНО АНГАЖИРАЊЕ НА ЛИЦА И ПОДАТОЦИТЕ СОДРЖАНИ ВО ИСТАТА

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на водење на евиденција на работно ангажираните лица и податоците содржани во истата (во натамошниот текст: евиденцијата).

Член 2

(1) Евиденцијата се води во електронска форма.
(2) Евиденцијата содржи податоци за:
а) работодавачот
1. Матичен број на граѓанинот;
2. Единствен даночен број;
3. Назив на работодавачот;
4. Адреса на седиште на работодавачот;
5. Дејност на работодавачот;
6. Категорија на работодавачот;
7. Назив на деловната единица;
8. Реден број на деловната единица и
9. Седиште на деловната единица (адреса).
б) работно ангажираното лице
1. Матичен број на граѓанинот;
2. Презиме на лицето;
3. Име на лицето;
4. Ден, месец и година на раѓање;
5. Пол;
6. Живеалиште и адреса;
7. Припадност на заедниците;
8. Степен и вид на завршено образование и
9. Категорија на ангажираното лице.
в) условите и начинот на работното ангажирање
1. Работата е од повремена или сезонска природа;
2. Вид на работа;
3. Начин на работното ангажирање;
4. Број на часови дневно;
5. Место на работното ангажирање (адреса);
6. Нето-паричен износ по час: денари;
7. Нето-паричен износ по ден: денари и
8. Нето-паричен износ за ангажманот: денари.

г)  почетокот и престанокот на работното ангажирање
1. Датум/и на пријава на работното ангажирање;
2.  Датум/и на одјава од работното ангажирање и
3. Основ за престанок на работното ангажирање.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 12-4055/1
3 јули 2026 година
Скопје

Министер за економија и труд
**Бесар Дурмиши**, с.р.